О П Ш Т И Н А   Д О Ј Р А Н

# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К

# Н А  О П Ш Т И Н А   Д О Ј Р А Н

04.05.2026 година,  Стар Дојран,  Број  5

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година

1.Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/1
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.",бр.202/24),член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р. М.”, бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и („Службен весник на Р. С.М. бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Р.М.“, број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16) и („Службен весник на Р.С.М. бр. 151/21 и 3/25), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Р.М.“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на Р.С.М. бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), одредбите на Колективниот договор помеѓу Општина Дојран, и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Р.М. (УПОЗ), и синдикалната организација при Општина Дојран, бр. 09-1082/1 од 19.09.2022 година и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран”, бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на 10-тата седница, одржана на ден 27.04.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2026 година, Бр.08-1842/6 од 29.12.2025 година(„Службен гласник на општина Дојран”, бр.17/25)

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2026 година, Бр.08-1842/6 од 29.12.2025 година („Службен гласник на општина Дојран”, бр.17/25).

### Член 2

Измените се вршата во уводниот дел на одлуката, во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа после броевите, „173/22” се брише буквата „и” се става запирка , а по бројот, 170/24, се додава буквата „и” па се додава бројот „37/25”.

Во Законот за буџетите, во делот („Службен весник на Р.С.М. бр. 151/21 и 3/25), бројот „272/24”, се брише.

### Член 3

Се менува текстот во член 18 ставот 3 во делот: „ подставка 464940 –Трансфери при пензионирање”, се заменува со „подставка 464990 – Други трансфери”. По зборот пнзионирање во истиот став се брише „точката” се става „запирка„ и се додаваат зборовите, „Програма Н1-Основно Образование и В1-Детска заштита”.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Дојран”, а ќе се применува од 01 Јануари 2026 година.

Бр.08- 662/3
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

## За објавување на Програмата за активностите на општина Дојран за ревитализација по елиминирање на кризи во обласа за заштита и спасување во 2026та година

1.Програмата за активностите на општина Дојран за ревитализација по елиминирање на кризи во обласа за заштита и спасување во 2026та година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/2
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 22 точка 10 и точка 11 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.", бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Р. М.”), бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и („Службен весник на Р.С.М.“), бр. 215/21), член 4, член 21 и член 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Р.М.“), бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и („Службен весник на Р.С.М.“), бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Р.М.“, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Р. С. М.“), бр. 215/21 и член 16 став1 точка 45од Статутот на општина Дојран(„Сл.гласник на општина Дојран”, бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на општина Дојран за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва, секциите во училиштата и млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес . Според законските одредби, општина Дојран во 2025та година овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување
- Регионалниот центар за управување со кризи,
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани –екипи, одделенија),
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Дојран,
- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Дојран со доброволното противпожарно друштв ДОЈРАН и секциите на млади пожарникари,во Основното општинско училиште “Кочо Рацин”, Нов Дојран.

1.ЦЕЛИ

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди,пожари во населените места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и друг вид на непогоди,
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата.
- Заштита и спасување на луѓето, заштита на животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба,
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,

- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и против пожарна заштита.

2. АКТИВНОСТИ

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма,активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и справување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Дојран преку оваа Програма за 2025 година во рамките на своите материјални можности ќе обесбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита во координација со доброволното противпожарно друштво „ДОЈРАН”, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Дојран и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето, превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и спасување, превенција и справување со кризни појави дејствувањето доброволното противпожарно друштв “ДОЈРАН” и Секциите на млади пожарникари ,Територијалната протипожарна единица Гевгелија(со посебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од:

-Средства од буџетот на општина Дојран и Државниот Буџет.

Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари ,доброволни противпожарно организирање и за друг вид на несреќи.

4.РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на општина Дојран - Програма Противпожарна заштита | 740.000,оо денари |
| 2 | Буџет на општина Дојран- Програма заштита и спасување | 200.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори, донации, проекти - опрема | 50.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 990.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита, доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните единици | 25.000,оо денари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација-Секција за млади пожарникари во основното училиште | 25.000,оо денари |
| 3 | Учество во квиз натпревар | 15.000,оо денари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 50.000,оо денари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000,оо денари |
| 6 | Набавка на работни униформи за ДПД и друг опрема за учество во интервенција | 50.000,оо денари |
| 7 | За обука договорни услуги | 30.000,оо денари |
| 8 | Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности | 10.000,оо денари |
| 9 | Надомест по извршени интервенции и учество во гасење на пожари | 450.000,оо денари |
| 10 | Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со ДППД Дојран и обука на сезонски пожарникари | 60.000,оо денари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 100.000,оо денари |
| , | | |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 78.000,оо денари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 15.000,оо денари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината | 5.000.оо денари |
| 15 | Тактичко-показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави (Трошоци за потрошено гориво, Надомест за поправка и одржување на возила) | 21.000,ооо денари |
| 16 | ВКУПНО 1-15 | 990.000,оо денари |
| | | |

5 Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината

- Активностите на ДЗС, ЦУК , Територијалната противпожарна единица Гевгелија, Доброволното противпожарно друштво “ДОЈРАН”, Секцијјата за млади пожарникари

во Општинското основно училиште ,,Кочо Рацин,, во општина Дојран, освен со финансииски средства Советот на општина Дојранан,, општината и градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираат со :
- Учество на градоначалнико и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ Гевгелија и ДППД ДОЈРАН, поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

6. Завршни одредби

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот на општина Дојран, Градоначалникот на општина Дојрани и Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина во соработка со реализацијата на Програмата на ДППД ДОЈРАН за 2026 година.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Општина Дојран, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со створување на програмските цели и активности .

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства се минорни во буџетот на општината а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елемнтарните и други несреќи ,кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина

Бр.08- 662/4
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2026 година

1.Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/3
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",бр. 05/02) и ("Службен весник на Р.С.М.",бр.202/24) а во врска со член 14 став 8 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на Р.М.", бр.84/08, 52/09, 111/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21, 253/23, 224/24), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе,

# П Р О Г Р А М А

## за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2026 година ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.2/26

### Член 1

Со оваaa Програма се врши измени и дополнување на членот 3 од Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Дојран за 2026 година("Службен гласник на општина Дојран"), бр.2/26.

### Член 2

Измените се однесуваат во членот 3 од програмата на начин што се додава уште една алинеја, после дваесет и деветтата се додава нова алинеја триесета, која гласи:

-Изградба и уредување на тротоарска површина во населбата Стар Дојран која е дел од КП.бр.393/1 во КО.Стар Дојран, на потегот од Црква „Св. Илија”, до спојка со улица „Велко Влаховиќ”.

### Член 3

Реализатор на средствата ќе биде Градоналникот на Општина Дојран.

### Член 4

Оваа Програма влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08- 662/5
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2026 година

1.Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/4
04.05.2026
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 94, а во врска со член 95 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на Р.М.”, бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(“Службен весник на Р.М.”бр.16/2022), член 62 и член 22 став 1 точка 1 Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ",бр. 05/02) и ("Службен весник на Р.С.М.",бр.202/24) и член 16 од Статутот на општина Дојран (̏Службен гласник на општина Дојран ̏бр.9/06, 08/10 и 12/14), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Дојран за 2026 година

1.Се врши имена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2026 година (̏Службен гласник на општина Дојран ̏), бр.2/26 на следниот начин:

- во точка 2 во делот на Обемот и работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;

- во точка 3 во делот на Обемот и степенот на опремување на градаежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура;

- во точка 5 во делот на Трошоци за уредување на градежното земјиште, по Програми согласно Буџетот на општината за 2026 година;

- во точка 6 во делот на Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;

Се надополнува програмата во ставката, УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, односно во ФА- Уредување на градежното змејиште (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) со која има предвидено 8.940.000,00 денари за тековната 2026 година и се додават позициите:

-Санација на пешачка патека со планирани сретства во износ од 3.000.000,00денари.

2.Се надополнува програмата со нова ставка

-Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило

-Хортикултурно уредување со планирани сретства во износ од 1.000.000,00денари.

-Чистење и уредување на крајбрежјето на Дојранското Езеро со планирани средства во износ од 1.000.000,00денари.

3.Се надополнува програмата со нова ставка

-Г2 Потикнување на развојот на туризмот

-Попесочување на плажите на Дојранското Езеро со планирани сретства во износ од 1.200.000,00денари.

Средствата за реализација на наведените програми предвидени се со Буџетот на оштина Дојран за 2026 година.

2.Дополнување на програмата се врши и во точка 7. Основен степен на уреденост на градежно земјиште.

Во Програмата за уредување на градежното земјиште, се врши измена во единечната цена за објектите од група на класи на намени А 4 -хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом.

Измената и дополнувањето е во согласност со член 4 став 6 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.

Во годишната програма за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2026 година, во точка 7 е прикажан надоместокот за уредување на градежно земјиште за населените места Стар Дојран, Сретеново и Нов Дојран и е утврден надоместок за предметната намена на објекти, единичната цена 6000,00 денари од м2 изграден корисен простор, помножен со коефициент 0,05.

Висината на надоместокот е дефиниран со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(“Службен весник на Р.М.”бр.193/2016).

За уредување на градежно земјиште во точка 7 се корегира висината на надоместокот за објектите од група на класи на намени А 4 и тоа:

7.Основен степен на уреденост на градежно земјиште за населените места Стар Дојран, Сретеново и Нов Дојран.

| Група на класа на намени | Единечна цена од $М^2$ изграден корисен простор | Коефициент утврден согласно,Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со обкти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(“Службен весник на Р.М.”бр.193/2016,72/2018 и 16/2022) |
|---|---|---|
| А 4 - хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом: | 30.000,00 денари | 0.05 |

Бр.08- 662/6
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за автотакси превоз на патници во општина Дојран("Службен гласник на општина Дојран", бр.4/2015

1. Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за автотакси превоз на патници во општина Дојран("Службен гласник на општина Дојран", бр.4/2015, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/5
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 05/02) и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) и член 16 од Статутот на Општина Дојран („Службен гласник на Општина Дојран„ бр. бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А

За измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Дојран, Бр.08– 416/7 од 30.04. 2015 година("Службен гласник на општина Дојран", бр.4/15)

Член 1

Со оваа одлука се се врши измена и дополнување на Одлуката за автотакси превоз на патници во Општина Дојран, Бр. 08 – 416/7 од 30.04. 2015 година("Службен гласник на општина Дојран", бр.4/15).

Член 2

Се врши измена на членот 14 на следниот начин:

Точка 1 и точка 2 се менуваат и гласат:

1. Почеток на превозот и превоз до 1 километар 100 денари;
2. Изминат километар 35 денари;

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр.08- 662/7
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за превземање на долг со трета спогодба за испорачана електрична енергија на ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран

1.Одлуката за давање согласност и овластување за превземање на долг со трета спогодба за испорачана електрична енергија на ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/6
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 05/02) и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) и член 16 од Статутот на Општина Дојран („Службен гласник на Општина Дојран„ бр. бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност и овластување за превземање на долг со трета спогодба за испорачана електрична енергија на ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Дојран, да го прифати измирувањето на долгот за испорачана електрична енергија и други поврзани трошоци заклучно со трети месец /2026 година, кој долг кон Доверителот ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје го има кон Должникот ЈПКД ”КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН” Стар Дојран.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Дојран да изврши измирување на долгот со средствата од буџетската сметка на општината, во износ од од 53.802.854 денари, на 80 месечни рати.

За подетално регулирање на правата и обврските и начинот на исплата на долгот се овластува Градоначалникот Општина Дојран со Директорот на ЈПКД “Комуналец-Полин” Стар Дојран и ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да склучат посебна спогодба

Член 3

По склучување на спогодбата и навремено исплатите на доспеаните обврски ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, да се обврзе дека нема да пристапи кон исклучување на електричната енергија за водоснабдување на населението во општина Дојран.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе беде објавена во „Службен гласник на Општина Дојран”.

Со влегување во сила на оваа одлука престанивaат да важат, Одлуката за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачана електрична енергија на ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран, бр.08-1044/5,("Службен гласник на општина Дојран", бр.14/23) и Одлуката за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачана електрична енергија на ЈПКД “КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН’ Стар Дојран, бр.08-707/8, ("Службен гласник на општина Дојран", бр.6/25)

Бр.08- 662/8
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за регулирање на исплата на долг по основ на позајмица од Министерството за локална самоуправа од 2019 година

1.Одлуката за давање согласност и овластување за регулирање на исплата на долг по основ на позајмица од Министерството за локална самоуправа од 2019 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/7
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр. 05/02) и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) и член 16 од Статутот на Општина Дојран („Службен гласник на Општина Дојран„ бр. бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А

за давање согласност и овластување за регулирање на исплата на долг по основ на позајмица од Министерството за локална самоуправа од 2019 година

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Дојран, да го прифати измирувањето на долгот по основ на позајмица од Министерството за локална самоуправа од 2019 година.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Дојран да изврши измирување на долгот - позајмица, со средствата од буџетската сметка на општината, во износ од од 10.204.797,00 денари, со рок на враќање во период од 6(шест) години.

За подетално регулирање на правата и обврските и начинот на исплата на долгот се овластува Градоначалникот Општина Дојран со Министерот за локална самоуправа да склучат посебна спогодба.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе беде објавена во „Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр.08- 662/9
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за именување на членови на општинскиот Совет за безбедност на сообракајот на патиштата на Општина Дојран

1.Одлуката за именување на членови на општинскиот Совет за безбедност на сообракајот на патиштата на Општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/8
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 372 член 373 и член 374 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Р.М.“, бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 98/19, и „Службен весник на Р.С.М.“, бр.302/20, 122/21, 33/24, 208/24,193/25 и 258/25) и член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.”, бр.05/02) и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) и член 16 од Статутот на Општина Дојран („Службен гласник на Општина Дојран„ бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за именување на членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Дојран

### Член 1

Со оваа одлука се формира Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Дојран, кој се состои од пет членови , претседател и четири члена.

### Член 2

За членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Дојран по предлог на Републичкиот совет на сообраќајот на патиштата, се именуваат:

1. Кристијан Андонов, Претседател
2. Никола Бојаџиев, член,
3. Мара Пејкова, член,
4. Стојанчо Шулев, член,
5. Елена Мазнова, член.

### Член 3

Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Дојран ги има следните задачи:

-унапредување на работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата;

-унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно-образовната работа на предучилишните установи и училиштата;

-остварување на соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и другите субјекти по прашањата на самозаштита во областа на сообраќајот на патиштата;

-организирање и учество во сообраќајно-воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива;

-поттикнување, развивање и помагање на научно-истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата;

-набавка и издавање на сообраќајно-воспитни публикации, филмови и слично;

-организирање на научни и стручни собири за работа од областа на безбедноста на патниот сообраќај и

-соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

- соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 4

Членовите на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Дојран, се именуваат за време од четири години, со право на повторно именување за уште еден мандат

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на на објавување во „Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08- 662/10
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објкети на подрачјето на Општина Дојран, од 01.05- 03.05.2026 година

1.Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објкети на подрачјето на Општина Дојран, од 01.05- 03.05.2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/9
04.05.2026
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на Р.М."), бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15 39/16, 53/16, 71/16) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.31/20, 111/20, 154/20 и 16/25 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година,донесе,

# О Д Л У К А
## За продолжување на работното време на Угостителските објекти на подрачјето на Општина Дојран во време продолженииот викенд за првомајските празници

Член 1

Со оваа одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Дојран за уште 2 (два) часа подолго од работното време утврдено во член 23 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на Р.М."), бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15 39/16, 53/16, 71/16) и ("Службен весник на Р. С. М."), бр.31/20.

Член 2

Угостителските објекти на подрачјето на Општина Дојран за период на продолженииот викенд за првомајските празници можат да го продолжат работното времa, утврден во членот 1 од оваа одлука и тоа во деновите:

- 01.05. 2026 година(Петок)
- 02.05. 2026.година(Сабота) и
- 03.05. 2026 година(Недела).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила во наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08- 662/11
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност за измените на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година

1.Одлуката за давање согласност за измените на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/10
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Р. С. М.“ бр. 143/19, 14/20,95/20,302/20, 208/24 и 210/24), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Измените на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година, донесен од Градоначалникот на Општина Дојран, Бр.01-206/3 од 22.04.2026 година.

Член 2

Измените на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година, ке отпочне да се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08- 662/12
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Доброволно противпожарно друштво „Дојран„ Нов Дојран за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година

1.Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Доброволно противпожарно друштво „Дојран„ Нов Дојран за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/11<br>04.05.2026 година<br>Стар Дојран

Градоначчник<br>на Општина Дојран<br>Илија Тентов с.р

Врз основа на член 36 став1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), Советот на општина Дојран на сдедницата одржана на ден 27.04.2026 година, по заклучување на расправата по Извештајот за работа на Доброволното противпожарно друштво "Дојран"- Нов Дојран за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година ја донесе следната,

О Д Л У К А
По Извештајот за работа на Доброволното противпожарно друштво"Дојран" - Нов Дојран за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година

Член 1

Со оваа одлука се усвојува, Извештајот за работа на Доброволното противпожарно друштво "Дојран "- Нов Дојран за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Дојран,,.

Бр.08- 662/13
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучок по Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март 2025 година

1.Заклучок по Елаборатот (Корегиран) за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/12<br>
04.05.2026 година<br>
Стар Дојран

Градоначалник<br>
на Општина Дојран<br>
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 36 а во врска со член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), член 16 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Дојран Дојран („Службен гласник на општина Дојран”), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе,

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март 2025 година

1.СЕ УСВОЈУВА Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март 2025 година, кои беа зафатени одредени локации на подрачјето на Општина Дојран

2.Елаборатот да се достави до сите надлежн институции за постапување по истиот.

3.Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр.08- 662/14
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Заклучокот по Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана одврнежи од град 7 мај 2025 година

1.Заклучокот по Елаборатот (Корегиран) за проценетата штета, предизвикана од врнежи од град 7 мај 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/13
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 36 а во врска со член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), член 16 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Дојран Дојран („Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, донесе,

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана одврнежи од град 7 мај 2025 година

1.СЕ УСВОЈУВА Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана одврнежи од град 7 мај 2025 година кои беа зафатени одредени локации на подрачјето на Општина Дојран

2.Елаборатот да се достави до сите надлежн институции за постапување по истиот.

3.Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08- 662/15
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност за утврдување локација за риболовен пункт на концесионерот на рибниот фонд на Дојранското езеро

1.Одлуката за давање согласност за утврдување локација за риболовен пункт на концесионерот на рибниот фонд на Дојранското езеро, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 27.04.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-739/13
04.05.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." ), бр.5/02 а во врска со член 2 од Законот за рибарство и аквакултура ("Сл.весник на Р.С.М.", бр. 64/24 и 160/25) и член 16 став 1 точка 45, од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 14/12, 14/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, по заклучување на расправата по Барањето за давање согласност за извршување на планирани активности за влез и излез во водите на Дојранското езеро, доставено од „Ѓолски кораб 2025" ДОО Стар Дојран, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## за давање согласност за утврдување локација за риболовен пункт на концесионерот на рибниот фонд на Дојранското езеро

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност „Ѓолски кораб 2025" ДОО Стар Дојран за извршување на планирани активности за влез и излез во водите на Дојранското езеро, како корисник на рибниот фонд на Дојранското езеро, за поаѓање и враќање на рибарските чамци во езерото, да ги користи следните локации:

1.Езерски брег на К.О. Дојранско езеро-непосредно пред К.П. Бр.970/1 К.О Николиќ,
2.Езерски брег на К.О. Дојранско езеро-непосредно пред К.П. Бр.1040/2 К.О. Нов Дојран,
3.Езерски брег на К.О. Дојранско езеро-непосредно пред К.П. Бр.1983/2 К.О Нов Дојран,
4.Езерски брег на К.О. Дојранско езеро-непосредно пред К.П. Бр.308/1 К.О. Стар Дојран.

### Член 2

Оваа одлука ќе се применува во периодот додека барателот „Ѓолски кораб 2025" ДОО Стар Дојран е корисник на рибниот фонд на Дојранското езеро односно имател на договор за користење и договор за организирање на комерцијален риболов.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран„.

Бр.08- 662/16
27.04.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Струмица и Општина Дојран бр.08-3724/1 од 25.06.2020 година, Општина Дојран, застапувана од Градоначалникот Илија Тентов и Општина Струмица, застапувана од Градоначалникот Петар Јанков на ден 14.04.2026 година, склучија

# Д О Г О В О Р
# ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

## I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.ОПШТИНА СТРУМИЦА, ул."Сандо Масев" бр.1 Струмица. Со ЕМБС 6007040 и ЕДБ 4027005145902 застапувана од Градоначалникот на Општина Струмица, Петар Јанков (во натамошниот текст:"Договорен орган") од една страна: и

2.ОПШТИНА ДОЈРАН, Кеј 5-ти Ноември бб 1487 Стар Дојран, со ЕМБС 6000568 и ЕДБ 4006005118487 застапувана од Градоначалникот на Општина Дојран, Илија Тентов (во натамошниот текст:"Договорен орган") од друга страна.

## II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој Договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Струмица и Општина Дојран бр.08-3724/1 од 25.06.2020 година.

### Член 2

Работите кои што ќе ги врши Општина Струмица за Општина Дојран, се однесуваат на вршење работи од обласа на градежната инспекција и истите треба да се извршуваат во согласност со законските прописи, професионално, ефикасно,уредно и навремено.

## III.ВИДОТ И ВИСИНАТА НА НАЕДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

### Член 3

За работното ангажирање на градежните инспектори од Општина Струмица нема да им следува паричен надоместок, а Општина Дојран се обврзува да им исплаќа патни трошоци, согласно законските прописи.

## IV.УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Овој договор се склучува за времетраење од две години, со можност за негово продолжување со склучување на Анекс договорот.

Договорот може да се раскине по слободна волја на една од договорните страни, по претходно извесување на другата страна во рок од 30 дена.

### Член 5

Измените и дополнувањата на одредбите од овој Договор за прашања кои не се предвидени со овој Договор, а може дополнително да произлезат од тековното работење, ќе се уредат со Анекс на овој Договор.

Член 6

За евентуално непочитување на одредбите од овој Договор, договорните страни се согласнија да ги решаваат спогодбено со меѓусебно договарање, во духот на добрите деловни обичаи.

Во спротивно, за споровите коишто ќе произлезат од непочитувањето на одредбите на овој Договор, надлежен е стварно и месно надлежниот суд.

Член 7

Овој Договор е склучен 6 (шест) примероци од кои по 3 (три) примероци а секоја од договорните страни.

Член 8

Овој Договор влегува во сила по потпишувањето од двете договорни страни.

Општина Струмица
Градоначалник
Петар Јанков с.р.

Општина Дојран
Градоначалник
Илија Тентов с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2026 година........................................................................................1
2. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2026 година, Бр.08-1842/6 од 29.12.2025 година(„Службен гласник на општина Дојран”, бр.17/25).......................................................................................................................................2
3.Решение за објавување на Програмата за активностите на општина Дојран за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година..........................................................................................................................................3
4.Програма за активностите на општина Дојран за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година.......................................................................4
5.Решение за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2026 година..........................................................................................................................................8
6.Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и заштита на локални патишта и улици во општина Дојран за 2026 година......................................................9
7.Решение за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Дојран за 2026 година........................................................10
*8.*Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Дојран за 2026 година.......................................................................................11
9.Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за автотакси превоз на патници во општина Дојран("Службен гласник на општина Дојран", бр.4/2015.................13
10.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Дојран, Бр.08– 416/7 од 30.04. 2015 година("Службен гласник на општина Дојран", бр.4/15)....................................................................................................................................14
11Решение за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за превземање на долг со трета спогодба за испорачана електрична енергија на ЛПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран.....................................................................................................................................15
12.Одлука за давање согласност и овластување за превземање на долг со трета спогодба за испорачана електрична енергија на ЛПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран.....................................................................................................................................16
13.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за регулирање на исплата на долг по основ на позајмица од Министерството за локална самоуправа од 2019 година........................................................................................................................................17
14.Одлука за давање согласност и овластување за регулирање на исплата на долг по основ на позајмица од Министерството за локална самоуправа од 2019 година.......................................18
15. Решение за објавување на Одлуката за именување на членови на општинскиот Совет за безбедност на сообракајот на патиштата на Општина Дојран....................................................19
16.Одлука за именување на членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Дојран.........................................................................................20
17.Решение за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објкети на подрачјето на Општина Дојран, од 01.05-03.05.2026 год..........................................22
18.Одлука за продолжување на работното време на Угостителските објекти на подрачјето на Општина Дојран во време продолжениот викенд за првомајските празници............................23
19.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за измените на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година..................................................................24
20.Одлука за давање согласност на Измените на Годишниот план за вработување во општина Дојран за 2026 година...............................................................................................25

21.Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Доброволно противпожарно друштво „Дојран„ Нов Дојран за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.........26
22.Одлука по Извештајот за работа на Доброволното противпожарно друштво“Дојран” - Нов Дојран за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.........27
23.Решение за објавување на Заклучок по Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март 2025 година.........28
24.Заклучок за усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22 март 2025 година.........29
25.Решение за објавување на Заклучокот по Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана одврнежи од град 7 мај 2025 година.........30
26.Заклучок за усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета, предизвикана одврнежи од град 7 мај 2025 година.........31
27.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за утврдување локација за риболовен пункт на концесионерот на рибниот фонд на Дојранското езеро.........32
28.Одлука за давање согласност за утврдување локација за риболовен пункт на концесионерот на рибниот фонд на Дојранското езеро.........33
29. ДОГОВОР ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА.........34
30.Содржина.........36

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЈРАН" излегува по потреба. Уредува и издава: Општинска администрација на Општина Дојран.